ОПШТИНА
КИЧЕВО

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
КИЧЕВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, соградѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани, драги кичевчани и кичевчанки,

Тргнувајќи од фактот што општината, како единица на локалната самоуправа се развива преку планирање на локалниот економски развој, заради постигнување одржлив економски пораст, економска корист и константно подобрување на квалитетот на живот, пред вас ја предлагам Програмата за развој на нашата општина во идниот 4-годишен мандат.

Оваа програма е изработена на транспарентен и инклузивен начин, со вклучување на професионалци од своите области, како и на граѓаните како индивидуи, без разлика на нивната политичка, етничка или верска припадност.

Направена е анализа на сегашната состојба, согледани се слабостите на досегашното функционирање и во соработка со експерти од различни тематски области, изготвени се мерки и проекти што ќе се спроведуваат во периодот што следува.

Подготовката на оваа програма е усогласена и со насоките на ЕУ за користење различни фондови, а реализацијата на проектите ќе ги следи законските одредби и методологиите што го дефинираат начинот на имплементација на мерките и проектите.

Како иден градоначалник на Општина Кичево и вистински татко на градот, јас, д-р Александар Јованоски, ви ветувам дека секогаш ќе работам совесно, одговорно и отчетно во интерес на сите, сите оние што сакаме Кичево да го видиме инфраструктурно средено, почисто, побезбедно и попрепознатливо место, град во кој перспективата ќе ја најдат сите оние што му припаѓаат, без разлика на старост, пол, вера или етничка припадност.

Таа сплотеност и соживотот отсекогаш биле и ќе останат темелот на нашето постоење.

Ви благодарам!
Александар Јовановски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Жанета Милановска Петреска - Носител на листа
2. Александар Мицкоски
3. Драган Дејаноски
4. Виолета Стефаноска
5. Михајло Данилоски
6. Бојан Трајкоски
7. Ирена Наумоска
8. Мирсад Рамазаноски
9. Дарко Дејаноски
10. Силвија Ристевска
11. Антоанета Лазаревска
12. Димитрија Крпачоски
13. Гулаб Сарафилоски
14. Катерина Станкоска Смилеска
15. Сашка Андреска
16. Даниела Данилоска
17. Марио Војнески
18. Антонио Анастасоски
19. Бобан Ѓорѓијоски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНАТА

- 1. Ревитализација на Китино Кале – втора фаза.
- 2. Изградба на детски парк и клон на вовчето Кирчо.
- 3. Изработка на основен проект и физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на собирен центар за кабаст отпад и негово ставање во функција.
- 4. Изработка на проект за изградба на стационар за бездомни кучиња и негова имплементација.
- 5. Изградба на спортска сала во ОУ „Кузман Јосифоски-Питу“ (Тип А-голема сала).



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Регионална инфраструктурна поврзаност** (регионална патна инфраструктура и поврзаност).
- **Урбана инфраструктура** (инвестиции во подобрување на локалната патна и велосипедска инфраструктура, градење простори за рекреација и подобрување на локалниот јавен превоз – функционален и еколошки јавен превоз).
- **Одржлив урбан развој** (нов одржлив концепт на урбанизација и домување).
- Изработка и донесување на Генерален урбанистички план (ГУП) за градот Кичево, план со кој ќе се дефинира идниот развој на градот.
- Изработка и донесување на детални урбанистички планови (ДУП), како и изработка на урбанистички планови за село (УПС), со што ќе се намали загрижувачкиот процент на простори што не се покриени со урбанистичка документација.
- Учество при трошоци за урбанизирање на блокови, измена и дополнување на урбанистичка документација за потребите на граѓаните.
- Изработка и донесување на урбанистички планови за потребите на заинтересирани граѓани како подлога за изработка на проекти за изградба на туристички викенд-куќи, адаптација на постојни селски куќи, односно преку изработка на урбанистичка документација до развој и мотивирање на селски, локален и планински туризам.
- Испитување на правилноста на барањата за бесправно изградени објекти доставени во Општина Кичево од последната акција за примање барања со цел намалување на штетата од средствата што општината ги губи по основа на комуналии, односно пософодветно спроведување на популарниот Закон за бесправно изградени објекти.
- Смена на концептот на функционирање на општинската нефункционална градежна инспекција и спречување на континуираното прекршување на издадените одобренија за градење.
- Изградба на паркинг-простори, локации за катни гаражи кои на градот Кичево во наредниот период сериозно ќе му недостигаат.
- Пробивање на сообраќајници предвидени во урбанистичките планови, а со тоа спроведување на предвидени, а неизведени комуникации во градот во согласност со Законот за експропријација.
- Отстранување на бесправно изградени помошни објекти и замена со зеленило и партерно уредување.
- Континуирано обележување и изработка на сообраќајни помагала, знаци и обележувања, кружни текови по сите сообраќајници низ градот.
- Доврршување на градската капела во рамките на градските гробишта.

- (Приклучок на трафостаница)
- Уредување на старите градски гробишта со потребна инфраструктура.
- Субвенционирање на котли за греење со пелети со цел намалување на загадувањето и катастрофалното и непланско сечење на шумата.
- Изградба на нови фекални канализациски и атмосферски канали во рамките на општината, особено во руралните средини од градот Кичево каде што има голем недостиг од фекални и атмосферски канали.
- Мапирање на објекти за можноста од исплатливост за изработка на енергетски ефикасни фасади.
- Реконструкција на сите општински патишта во селата што се во рамките на Општина Кичево.
- Изведба на оптичка мрежа кон селата.
- Регулирање на воздушните инфраструктурни водови (ЕВН, приватни оператори и сл.)
- Профилирање на уличната мрежа во населбата со тротоари, дрвореди и зеленило.
- Реконструкција на водоводната, а особено на канализациската мрежа (цевки и канализациски шахти) на поголем број улици.
- Експропријација во согласност со закон и отворање на предвидени улички во согласност со ДУП во сите населби во градот. (успешно реализирање на ДУП)
- Уредување на мини плоштади (скверови) како пунктови за собирање на луѓето.
- Доуредување на уличното осветлување.
- Донесување на нови детални урбанистички планови што ќе соодветствуваат на тековното и реално живеење (плановите во голем дел за сите населби се од пред 20 год.).
- Обележување на сообраќајната улична мрежа.
- Изведба на паркинзи, пристапи, зеленило и интерни спортски паркови во сите училишта без исклучок.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

- Поддршка за иновации и претприемништво (формирање на локален иновациски фонд за млади претприемачи, креирање на научно-образовен локален центар).
- Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП.
- Локална стратегија за промоција на странски инвестиции.
- Поддршка на занаечиството и на малите локални бизниси.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

- 1. Поддршка за талентирани и социјално ранливи ученици/студенти.
  - Општинска програма за 50 стипендии годишно.
- 2. Подобрување на превозот на учениците, со проширување за учениците од основното образование од пооддалечените населби (Горица, Иванидол, Раштански пат и други).
- 3. Модернизација на училиштата од аспект на дигитализација, воведување оптика во училиштата.
- 4. Воведување на нови видови здрави оброци во училиштата.
- 5. Организирање едукативни настани поврзани со значењето на екологијата и чистотата и нивното влијание врз општото здравје.

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

- Дигитална инфраструктура (проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен безжичен интернет, проширување на оптичката мрежа во општината).
- Дигитални услуги и дигитална општина (систем за отворени податоци (open data), твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот – дигитализација на повеќе услуги што се добиваат во општината преку имплементација на платформа за дигитални општински услуги).
- Изработка на платформа и нејзино поставување на општинската веб- страница за онлајн донации, како поддршка на најразлични проекти за прибирање средства (fundraising), како можност за донации од иселеници и евентуални спонзорства.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- 1. Изградба на спортска сала во ОУ „Кузман Јосифоски-Питу" (Тип А - голема сала). Проект и одобрение за градба се веќе обезбедени, а општината во наредниот мандат ќе го имплементира предвидениот проект.
- 2. Изработка на Основен проект и изградба на повеќенаменски игралишта во Иванидол, Горица, Другово и Вранештица.
- 3. Обележување на велосипедска патека од село Другово до населба Пашино.
- 4. Изработка на методологија и правилник за начинот на поддршка на спортските клубови што партиципираат на територијата на општината.
- 5. Уредување на мини паркови за забава и рекреација опремени со реквизити за сите возрасни групи.
- 6. Реализација на проект за реконструкција на базен во рамките на Домот на АРМ.
- 7. Талентирани спортисти.
- 8.Поддршка на проекти за: воспоставување планинарски маршрути, организирање на планински велосипедски патеки, трим-патеки (од месноста Крушино до с. Кнежино).



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

- 1. Чистење на дивите депонии од комунален отпад и градежен шут на територијата на општината и нивна ремедијација.
- 2. Изработка на проект за хортикултурно уредување и пошумување на територијата на општината. Со овој проект се предвидува насадување на неинвазивни, автохтони и неалергени видови дрвенести растенија по јавните зелени површини, државните институции и градските булевари со тоа што ќе се намали аерозагадувањето и ќе се подобрат микроклиматските услови во градот.
- 3. Реforestација (пошумување) на месноста „Крушино“ (веднаш по завршување на изградбата на обиколницата која е дел од автопатот Кичево – Охрид), со што ќе се придонесе кон подобар квалитет на амбиенталниот воздух, заштита на терен од ерозија итн.
- 4. Реforestација (пошумување) на опожарените површини на целата територија на општината.
- 5. Набавка на балирки. Постојната балирка не е во функција и ќе се работи на проект за набавка на технологии за балирање и завиткување отпад.
- 6. Набавка на канти и контејнери за отпад за целосно покривање на домаќинствата и правните субјекти во општината. Според информациите, општината има добиено камиони, контејнери и канти од Министерството за животна средина, постапка што е во тек, а е во согласност со Проектот за изградба на стандардизирана депонија во Општина Новаци, поддржан од страна на државата со кредит и консултантски услуги од страна на САЛАР – Шведска. Со преземените обврски, општината ќе работи на целосно и навремено спроведување на предвидените активности во согласност со локалните и регионалните планови за управување со отпад.
- 7. Подобрување на капацитетот и условите на комуналните редари во општината.
- 8. Тековно чистење на речните корита и таложници кои веќе се изградени (улица т.н. „5 Колосек“ и реката Сушица). Од причина што воопшто не се чистени во изминатиот период, во време на поплави се појавуваат наноси од песок, а потоа се развива бујна вегетација во речните корита, која преминува во можен извор на зараза и штета по општото здравје, особено во летните месеци.
- 9. Имплементација на одобрениот Проект за поставување кафези по речното корито на реката Треска, со цел заштита на флората и фауната, особено на видрата како загрозен вид.

- 10. Изработка на инфраструктурен проект за регулација на речното корито на реката Зајашка од населба Пашино до спортската сала „Јанчица“ и негово просторно уредување.
- 11. Подобрување на капацитетот на ЈКП Комуналец за тековно миење на улиците во општината.
- 12. Доделување на високоефикасни клима-уреди, со цел понатамошна заштита на животната средина и намалување на повторното испуштање на штетни издувни гасови.
- 13. Континуирано подигање на јавната свест за селекција на отпад преку соопштенија, гостувања во медиуми, социјалните мрежи, организирање еконастани во училиштата, како и на јавни простори во општината.
- 14. Изработка на Основен проект и физибилити студија за јавно приватно партнерство за изградба на собирен центар за кабаст отпад и негово ставање во функција.
- 15. Определување простор и негово имотно-правно решавање во соработка со Министерството за животна средина за изградба на стандардна претоварна станица.
- 16. Во соработка со Министерството за животна средина, завршување на повторената тендерска постапка за избор на изведувач на фекалната канализациска мрежа на целата територија на општината со приклучоци во колектори и пречистителна станица и имплементација на целосниот проект.
- 17. Дислоцирање на градските депонии – изработка на техничка документација за ремедијација и нивно затворање, во согласност со постојните законски прописи (Депонија кај Зајашка Река и Иванидол, зад ЈКП Комуналец).
- 18. Изработка на проект за изградба на стационар за бездомни кучиња и негова имплементација.
- 19. Изведба на паркиралишта за велосипеди и инсталирање на безбедни државачи пред училишта, банки, јавни институции, плоштад, маркети и паркови.
- 20. Ставање во функција на мерната станица во населба Девеана за биомониторинг на квалитетот на воздухот, водата и почвата на општинско ниво, која ќе биде меродавен извор на релевантни информации за квалитетот на воздухот, водата, почвата во општината заради формирање краткорочни и долгорочни стратегии за подобрување и заштита на животната средина.
- 21. Поддршка на проекти кои придонесуваат кон заштеда на енергија, искористување на обновливи видови на енергија, заштита на животната средина и нивна афирмација (имплементација на проекти за изработка на фасади, замена на прозорци, поставување соларни системи итн.), во соработка со ресорните министерства за енергетика, банки или со сопствен буџет.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

- 1. Поддршка на проекти за уредување и обележување на излетнички места, видиковци, водотеци, извори, пешачки патеки, во функција на развој на туризмот.
- 2. Поддршка на проекти од агротуризмот, кои опфаќаат едукација на фармери за развој на алтернативен туризам, маркетинг, промоција на производи од локалната економија и учество на саеми и фестивали.
- 3. Поддршка на активности и мерки кои ќе го подобруваат капацитетот на ЛАГ Треска за реализирање на проекти од рурално значење во заедницата.
- 4. Ревитализација на Китино Кале – втора фаза
- 5. Изградба на детски парк и клон на вовчето Кирчо.



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- 1. Реконструкција на Првото училиште на македонски јазик – с. Подвис: Обнова и адаптација во културно-образовен центар (мини музеј и едукативна сала).
- 2. Археолошки истражувања и конзервација на Китино Кале: Поддршка на НУ Музеј „Западна Македонија во НОВ" за археолошки проекти и заштита на локалитети.
- 3. Обележување на културно-историските настани и личности: Организирани чествувања и меморијални настани (Кочо Рацин, Христо Узунов, битката кај Ѓурчејца и др.).
- 4. Поставување културни патеки и информативни табли: Обележување на знаменитости со QR-кодови кои ќе нудат дигитални информации.
- 5. Китино Кале како летна културна сцена: Адаптација во простор за концерти, театарски претстави и поетски читања, со вклучување на НВО-секторот. Изработка на втора фаза, видливост на кулите, како и ставање на целиот простор во функција со нови содржини, кино, издавање на просторот под одредени заштитни услови, поставување на зоо-паркови, детски реквизити и нови мултимедијални содржини.
- 6. Фестивал „Кичевско културно лето": Концерти, театар, филм, изложби и др.
- 7. Фестивал на народна музика и ора: Афирмирање на традиционалната кичевска музика и фолклор.
- 8. Фестивал на младите уметници: Простор за ученици и студенти – изложби, поезија, фотографија.
- 9. „Одбележување на Рацин" – поетски фестивал: Организирање традиционален собир во чест на Кочо Рацин.
- 
- 10. Изработка на проект за афирмирање на Осломејското Езеро како културно-рекреативна дестинација, риболов, со организација на летни концерти и уметнички колонии.
- 11. Вовчето Кирчо – туристичка и културна маскота: Маскота за промоција на градот и културните манифестации. (Овој проект е наведен и како потенцијал за економски развој од причина што опфаќа повеќе теми – културно-историско минато, можност за локален и регионален развој, препознатлив бренд итн.)
- 12. Кичевска културна тура: Организирана тура за посета на музеи, Калето, манастири и културни знаменитости.

# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- 1. Тековна посета од страна на тимови од Медицинскиот центар Кичево на рурални средини и села каде што би се правеле бесплатни прегледи на населението.
- 2. Организирање на повремени настани со медицински совети, мерење крвен притисок, а може и во координација со други лекари на доброволна основа, мерење очен притисок, невролог и сл. на плоштадот во Кичево (може да се искористи и денот 21 септември како Светски ден на Алцхајмерова болест).
- 3. Воведување практика за посета на стари лица во Пензионерскиот дом и давање бесплатна грижа со проверка на општото здравје.
- 4. Хортикултурно уредување околу Пензионерскиот дом – Кичево.
- 5. Изработка на Основен проект за енергетска ефикасност на Пензионерскиот дом и негова имплементација.
- 6. Организирање акции и трибини за значењето на превенцијата во откривањето на ракот на дојка, изработка и делење летоци заради превенција.
- 7. Ставање во функција и пропагирање на дигиталниот мамограф во Општата болница Кичево.
- 8. Одбележување на значајни денови од аспект на здравството и медицината, со организирање јавни трибини (пр. ментално здравје, артритис, остеопороза итн.).
- 9. Уредување на паркот и паркингот околу болницата сѐ до изградбата на новата болница.
- 10. Активно учество во подготовка на потребна документација, наоѓање локација за изградба на нова болница во општината, во соработка со Министерството за здравство и Владата на Р Македонија.
- 11. Поддршка за ранливи категории: семејства со ниски приходи, лица со попреченост, самохрани родители, стари лица.
- 12. Подобрување на локалните социјални услуги (дневни центри, народни кујни, центри за стари лица, центри за жртви на семејно насилство, центри за деца без родители и родителска грижа).
- 13. Активности за родова рамноправност.
- 14. Иницијативи за превенција на зависности.
- 15. Поддршка за ментално здравје.
- 16. Поддршка за жртви на семејно насилство.
- 17. Изградба на дневен центар за:
    - згрижување на деца со посебни потреби
    - стари лица со Алцхајмер и Деменција.

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- Решавање на проблемот со кучињата скитници.
- Изградба на спортска сала во ОУ „Кузман Јосифоски-Питу“.
- Обезбедување на содржини на Китино Кале.
- Изградба на канализациски системи во селата.
- Воведување на проектот „Паметен град“ (Смарт сити).
- Креирање на младински културен центар.
- Реконструкција на постојниот базен во домот и изградба на нов од затворен тип.
- Отворање на нов дом за стари лица.
- Уредување и чистење на коритото на реката Сушица.
- Изградба на улично осветлување на улицата „Прилепска“.
- Изградба на место за кабаст отпад.
- Изградба на патна инфраструктура во населбата „„ декември 2 дел.
- Канализациски систем во населбата Другово и асфалтирање на улиците.
- Изградба на детски паркови насекаде низ општината.
- Реконструкција на патот од ул. „Борис Кидрич“ по кружниот тек кон Крушино и изградба на тротоари.
- Реконструкција на пат во населбата Раштани.
- Да се воведат вендинг-машини за рециклирање.
- Да се организира фестивал „Културно кичевско лето“ на Китино Кале.

ВМРО-ДПМНЕ